Околу 100 жени корисснички на програмата „ Оспособување на жените погодени од конфликтот (ОЖП)“ што ја спроведува МЦМС, на крајот од јули 2013 г. започнаа да посетуваат курсеви за подобрување на компјутерските вештини и познавањето странски јазик.



Основни вештини за работа на компјутер ќе стекнат околу 50 жени од Чаир, Сарај, Теарце, Желино и Јегуновце. Со англискиот јазик ќе се запознаат или ќе го подобрат своето знаење околу 100 жени од веќе спомнатите општини како и од Липково и од Маврово и Ростуша. Курсевите ќе траат три месеци, а ги спроведуваат Центарот за странски јазици и „Флуент“ од Тетово. Жените беа идентификувани пролетта преку студијата за потребите и понудата на работна сила. Приоритет имаат жените кои изјавиле дека сакаат да посетуваат вакви курсеви, и кои се од семејства погодени од конфликтот или кои се во понеповолна социјална положба.



Програмата е финансирана од Европската Унија во рамките на 4-та компонента на Инструментот за претпристапна помош (ИПА), а ко-финансирана од МЦМС, и се спроведува во партнерство со Флоренс Најтингел од Куманово, Инцијатива за европска перспектива од Скопје и Рекански бисер од Маврово и Ростуша. Целта на ОЖП е поддршка на пристапот на жените од регионите погодени од конфликтот до пазарот на трудот.